**Гласање со коресподенција**

Акционерите како и полномошниците на акционерите можат да гласаат со коресподенција со пополнување на соодветниот Образец за гласање со коресподенција.

Пополнетиот Образец, акционерите, односно полномошниците на акционерите го доставуваат во писмена форма во оригинал со потпис на акционерот (физичко лице), со потпис на застапникот по закон и печат (правно лице) односно со потпис на полномошникот на акционерот.

( Образец за гласање на акционери-физички лица , Образец за гласање на акционери-правни лица , Образец за гласање на полномошници на акционери.)

Образецот мора да биде примен во Друштвото најдоцна до 17.06.2020 година до 15,00 часот.

Акционерите односно полномошниците на акционерите кои гласале со коресподенција може лично да присуствуваат на седницата на Собранието на акционери, но доколку акционерите односно полномошниците на акционерите сакаат лично да гласаат на самата седница мора писмено да го отповикаат гласањето со коресподенција најдоцна 48 часа пред одржување на седницата на Собранието на акционери. Доколку истите не достават писмено известување дека го отповикуваат гласањето кое мора да биде примено во Друштвото најдоцна до 16.06.2020 до 10,00 часот, ќе се земе во предвид гласањето со коресподенција.

**Напомена:**
Во делот на Образецот каде што во одредени точки од Дневниот ред се гласа за кандидати за кои се доставуваат предлози од акционери, истите поименично ќе бидат наведени во Образецот по истекот на законскиот рок за доставување на предлози (8 осум дена од денот на Објавата на Јавниот повик) и потоа Образецот со пополнети поименични кандидати ќе биде објавен на интернет страната на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето:

АД Раде Кончар-Апаратна Техника
Булевар 3-та Македонска бригада бб
1000 Скопје
Одбор на директори
Со назнака "За Годишно собрание 2020 година"